# ЈП ВОДОВОД Охрид

ул.Наум Охридски бб - Охрид ЕМБС 7404026 ЕДБ МК4020019540214

Информации на.тел.046/230-020; тел.Дирекција 046/ 250-120; Наплатен центар-Корзо 046/254-179;
ж.с-ка 270074040260131 Халк Банка ж.с-ка 300010000183220 Комерцијална Б.
ж.с-ка 200003531943622 Стопанска Б. ж.с-ка 210074040260124 Тутунска Б. ж.с-ка 500000001294880 Стопанска Б.
ж.с-ка 250019000515505 Шпаркасе Б. ж.с-ка 290000022217998 ТТК Банка

БРЗО И ЕДНОСТАВНО ЕЛЕКТОРНСКО ПЛАЌАЊЕ БЕЗ ПРОВИЗИЈА НА WWW.EVODOVOD-OHRID.COM.MK

Врз основа на член 37-м од Закон за јавните претпријатија и член 36 од Колективен договор на ЈП „Водовод“ – Охрид, Директорот на ЈП Водовод Охрид на ден 23.08.2024 година донесе:

## О Д Л У К А
### за избор на кандидати за вработување на неопределено време по јавен оглас 1/2024

1. За работното место под реден број 1 – Ракувач на градежни машини КДР0305Б04014, се избира кандидатот Благојче Љушкоски, за работното место под реден број 2 – Водоинсталатер КДР0305В01004, се избираат кандидатите Марјанчо Ѓероски и Благојче Трифуноски и за работното место под реден број 3 – Општ работник КДР0305В02031, се избира кандидатот Благоја Кантароски.
2. Со именуваните кандидатите ќе биде склучен договор за вработување по конечноста на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 06.08.2024 година е објавен јавен оглас 1/2024 во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на огласната табла на ЈП Водовод Охрид и на веб страната на претпријатието.

Со Решение бр. 04-1698/4 од 06.08.2024 година е формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Комисијата спроведе постапка за селекција на кандидатите за вработување и направи Записник бр. 04-1698/9 од 22.08.2024 година од административна селекција на кандидатите и спроведувањето на интервјуто, како и конечна ранг бр. 04-1698/10 и предлог за вработување бр. 04-1698/11 заверени на 22.08.2024 година.

Врз основа на записникот, конечната ранг листа и предлогот дадени од Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас 1/2024, в.д. Директорот на ЈП Водовод – Охрид, донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Управниот Одбор на ЈП Водовод – Охрид.

ЈП ВОДОВОД ОХРИД
в.д. Директор
Марјан Ристески

Изработил: Раководител на одделение за човечки ресурси - Александар Кузески

Контролирал: Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси - Славица Зарчева

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДОВОД
Бр. 04-1698/12
23.08. 2024 год.
ОХРИД